Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
# БИЗНИС ИНФО
100 години
Број 512 www.mchamber.mk 23.12.2022

# Покрај предизвиците од глобалните економски движења, странските инвеститори го задржаа бројот на вработени во 2022 година







## Официјално промовиран поткомитетот „НАТО и бизнис заедницата„ во рамките на проектот МКД НАТО 2030 во функција на македонската економија

*стр. 4*

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители





Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# Развојна банка-Јавен повик за нова кредитна линија за компании погодени од енергетската и ценовната криза



Развојната банка на РСМ објави јавен повик за новата кредитна линија за компании погодени од енергетската и ценовна криза. Микро, мали и средни компании, трговци поединци и занаетчии погодени од енергетската и ценовната криза од 26 декември 2022 година ќе можат да аплицираат за средства од новата кредитна линија наменета за обртни средства. Јавниот повик ќе трае 15 дена, а барањето за кредит субјектите може да го достават електронски на посебна е-маил адреса.

“Кредитната линија е наменета за микро, мали и средни претпријатија, трговци поединци и занаетчии кои плаќаат данок на реален приход и се регистрирани во Република Северна Македонија. Компаниите треба да бидат во приватна сопственост на правни и физички лица од најмалку 51 отсто, како што е објавено во јавниот повик”, информираат од Развојна банка на Северна Македонија.

Оттаму посочуваат дека минималниот износ на кредит е 185.000 денари, додека максималниот износ на кредит е 1.845.000 денари за микро, мали и средни трговски друштва односно 615.000 денари за трговци поединци и занаетчии. Рокот на отплата е од 18 до 36 месеци со вклучен грејс период од 6 месеци и во двата случаи. Каматната стапка е 2 проценти.

Јавниот повик е објавен денеска, 19.12.2022 година и ќе трае 15 дена сметано од 26 декември 2022 година од 09:00 часот до 9 јануари 2023 година до 09:00 часот. Поднесувањето на кредитните барања ќе се одвива по електронски пат на е-маил адресата: eckriza@mbdp.com.mk по принципот “прв дојден, прв услужен”, се наведува во соопштението Развојна банка.

На 24.11.2022 година Развојната банка ги презентираше своите продукти за поддршка пред компаниите членки на Стопанската комора на Северна Македонија каде меѓу останатите продукти ја најави и оваа кредитна линија.

БИЗНИС ИНФО


# Официјално промовиран поткомитетот „НАТО и бизнис заедницата„ во рамките на проектот МКД НАТО 2030 во функција на македонската економија



“Формирањето  на поткомитетот “НАТО и бизнис заедницата“ ќе им овозможи извонредна прилика  на скоро сите наши компании да постигнат ниво на стандард кој е многу повисок заради пласманот на пазарите на европа и развиените земји” – истакна извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, Антони Пешев на средбата со министерката за одбрана Славјанка Петровска како и претставниците на бизнис-секторот во Стопанската комора на Северна Македонија.

Претседател на поткомитетот “НАТО и бизнис заедницата“ е Претседателот на СКСМ Бранко Азески, а во негово име обраќање имаше извршниот директор Антони Пешев. На промотивниот настан свои обраќања имаа и министерката за одбрана, г-ѓа Славјанка Петровска и г-дин проф. д-р Марјан Ѓуровски, претседател на “МКД НАТО 2030“, како и претставници на компаниите веќе регистрирани во НАТО базата, кои споделија дел од своите искуствата со останатите компании и дадоа свои предлози и мислења.

Со формирањето на овој поткомитет се отвораат вратите за македонскиот бизнис сектор за креирање одржливи решенија и можности за македонската економија со што компаниите добиваат можност да учествуваат на набавките објавени за потребите на НАТО и земјите членки.

„НАТО не е само безбедност, туку и економска шанса. Со членството во НАТО се создаде една голема можност компаниите од нашата земја да учествуваат во нивните тендерски постапки и да понудат производи кои би можеле да ги испорачаат за потребите на НАТО алијансата. Се работи за еден значителен буџет, којшто се мери во милијарди евра“, рече министерката за одбрана Славјанка Петровска на денешната промотивна средба одржана во Комората. Таа истакна дека до сега постапка за регистрација за учество на НАТО јавните набавки имаат направено 23 компании, и ги охрабри и другите компании да ја искористат оваа можност, и со тоа заеднички да придонесеме за јакнење на економијата во државата.

Активностите на поткомитетот “НАТО и бизнис заедницата“ треба да овозможи конкретни мерки и активности, едукативи настани преку кој ќе се олесни и значително ќе се подобри пристапот на македонските компании на НАТО пазарот, сè со цел да придонесе кон подобрување на македонската економија. Професорот Марјан Ѓуровски, претседател на комитетот „МКД НАТО 2030“ истакна дека ова е одлична можност на компаниите за учество на тендерите на НАТО во делот на артикли и дејности како што се осигурување, набавка на облека, униформи, обувки, изградба и оплеменување на објекти, ИТ консултации, консултатнски услуги, лекови, медицински услуги за НАТО силите на Косово и др. Од страна на професор Ѓурвски беа образложени деталните активности на поткомитетот „НАТО и бизнис заедницата“.

# Покрај предизвиците од глобалните економски движења, странските инвеститори го задржаа бројот на вработени во 2022 година



Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија ја презентираше Анкетата за странските директни инвестиции 2022 година со посебен осврт на актуелните состојби, остварените резултати и очекувањата за идната година.

Резултатите од анкетното истражување пред новинарите, пред претставници на компаниите членки и високи претставници на странски амбасади во земјава ги презентираа г-н Виктор Мизо, генерален директор на „Костал" и претседател на Асоцијацијата и г-н Георги Тренковски, генерален директор на „Теламон", во својство на потпретседател на Асоцијацијата.

Анкетата која е спроведена во периодот од 20 ноември до 10 декември ноември годинава вклучува одговори на 76% од анкетираните производствени компании кои се лоцирани во и надвор од ТИРЗ-овите. Претежно тоа се компании од автомобилската индустрија коишто минатата година заедно имале преку 28.000 вкупен број на вработени и остварени 2,9 милијарди евра приходи во 2021 година.

52% од испитаните странски инвеститори во земјава повторно би инвестирале во земјава, а како најголем ризик за развојот на нивните компании гледаат во зголемени трошоци за енергенси, неефикасноста на јавната администрација, недостигот на стручна работна сила, правната



неизвесност и непредвидливост на економската политика, како и недоволен обем на квалификуван кадар што може да се најде во државата.

Резултатите од анкетата покажуваат релативно влошување на задоволството на компаниите од инфраструктурата на локацијата на која работат. Така, 45% од испитаниците одговориле дека се делумно задоволни, а 30% дека се задоволни. Не се задоволни 25% од анкетираните.

Во однос на конкретните 3 најприоритетни инфраструктурни прашања кои се најважни за нивниот бизнис во следните 12 месеци, најголем број одговориле дека тоа е обезбедување на канализацијата и одведувањето на атмосферски води, пристапен пат и приклучок на вода.

Оценките за задоволството од работењето на институциите задолжени за aftercare услуги се половични: 44% од испитаните компании одговориле дека се делумно задоволни, 45% се незадоволни, а само 11% се задоволни.

Во однос на остварените резултати во тековната година, половина од испитаниците забележале пад на обемот на планираното производство како резулатат на намалените нарачки од странство, недостатокот на суровини и репроматеријали и пречките во нормалното одвивање на транспотот. И покрај ваквиот пад на обемот на производство бројот на вработени кај анкетираните странски компании во 2022 година бележи раст за 13,4% или за 3.852 лица.

На пазарот на трудот, компаниите најтешко доаѓаат до инжинерски и технички кадар, а најлесно до административен кадар. Како причина за недостатокот на работна сила се посочуваат: одливот на кадарот во странство, недоволното практично искуство и знаење и недоволниот интерес за работа во индустрискиот сектор.

На прашањето за финанската поддршка и државната помош која ја добиваат, вкупно 94% од анкетираните компании сметаат дека се потребни нови финансиски мерки за ублажување на последиците од енергетската и економската криза, пред се наменети за одржување на бројот на вработените, субвенционирње на трошоците за електрична енергија и изградба на фотоволтаични централи.

Умерени се и одговорите за очекувањата на компаниите за остварените приходи во тековната година во споредба со планираното. 23% од испитаните компании очекуваат приближно исти приходи, раст на приходите очекуваат 41% од анкетираните компании, а намалување прогнозираат 36% анкетирани компании.

Во однос на прашањата на кое треба да се фоксуира државата во следните 12 месеци, најголем дел од компаниите ги нотирале:

- намалување на оперативните трошоци во ТИРЗ,
- подобрувањето на инфраструктурата и навремено исполнување на договорните обврски,
- усогласување на правилата за оправдани инвестициски трошоци за државна помош и сметководствените правила според меѓународните стандарди,
- усогласувањето на царинските стапки со оние во ЕУ ,
- Олеснување на правилата и постапката за престој и работа на странски државјани.

# Економската соработка помеѓу РС Македонија и Германија се продлабочува



Во стопанската комора на Северна Македонија работна средба имаа извршниот директор на комората, г-дин Антони Пешев и заменик амбасадорот и раководител на економскиот дел во Германската амбасада, г-дин Ото Граф. На средбата се разговараше за продлабочување на германско – македонската економска соработка, како и за претстојната посета на Источниот комитет на Германското стопанство со економска делегација планирана за оваа пролет.

На состанокот, г-динот Граф се интересираше за коморскиот систем во земјата. Притоа, г-дин Пешев истакна дека Стопанската комора претставува членство кое генерира половина од вкупниот приход во приватниот сектор, речиси половина од нето добивката во приватниот сектор и секој трет вработен во приватниот сектор е вработен кај компанија - членка на комората.

Г-дин Граф најави дека на пролет се очекува посета на компании од повеќе сектори од интерес на двете економии, особено од енергетскиот сектор.

Работната средба е последователна на неодамнешната посета на сојузниот претседател на Република Германија на РС Македонија на крајот од ноември, во рамките на која Стопанската комора оствари средба со економската делегација.



# ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИ ЗА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ



Во услови кога глобалната економија се соочува со голем број на ризици и низа на неизвесности предизвикани од екстерни фактори кои значајно влијаат врз деловниот амбиент и условите за меѓународно тргување, македонскиот извозен сектор е исправен пред значителни предизвици кои се однесуваат на задржување на постоечките пазарни позиции на регионалните и меѓународните пазари, но истовремено и предизвици за зајакнување на сопствените конкуретнски предности кои и пред кризата беа ограничени.

Стопанската комора на Северна Македонија во согласност со својата стратешка определба и долгорочни приоритети високо ги позиционира своите активности насочени кон подигнување на извозните капацитети и конкурентноста на македонските компании како основа за забрзување на економскиот раст и развој на земјата.

Во годината кога Стопанската комора го одбележува својот јубилеј од 100 години постоење во партнерство со Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД започнаа да го спроведуваат проектот за Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција, во времетраење од 3 години, до крајот на јуни 2025 година.

Со цел подобро запознавање на извозно ориентираните компании со можностите кои ги нуди Проектот, Стопанската комора организираше презентација на Проектот пред извозните компании од Тиквешкиот регион.

Пред стопанствениците од Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија, в.д. оперативниот директор за развој, иновации и знаења при Комората, м-р Михајло Донев информираше дека преку двете основни цели на проектот треба да се постигне подобрување на регионалната и меѓународната деловна соработка на македонските компании со пазарите на Западен Балкан и Европската Унија од една страна, како и зголемување на конкурентноста на извозно ориентираните компании и нивна интеграција во регионални и глобални синџири на вредност.

Планирана изработка на: „Платформа за дигитален извоз“ - Easy Export и Развој на Институт за извоз, кој ќе се состои од Центар за обука кој ќе се фокусира на развивање на капацитетите на човечките ресурси преку одржување на обуки и работилници за извозно ориентирани компании и Истражувачки и аналитички центар кој ќе се фокусира на обезбедување услуги преку компаративни анализи за поддршка на извозните компании.

Преку овие активностите, извозно-ориентираните компании, но и оние кои сакаат да започнат извозни активности имаат пристап до нови алатки и услуги.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
26.12.2022

# БОЛЕДУВАЊЕ КАКО ОСНОВ ЗА ОТСУСТВО ОД РАБОТА СО НАДОМЕСТОК НА ТОВАР НА РАБОТОДАВАЧ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 26 декември 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Боледување како основ за отсуство од работа со надоместок на товар на работодавач, отсуство на бремени работнички, други основи за платено отсуство, користење контролен лист како превенција од прекршоци“.

На работилницата ќе се анализира обврската на работодавачот да биде исплаќач на надоместокот на плата поради боледување на работниците, при што ќе се направи осврт на законската поставеност на боледувањето и условите за негово користење. Ќе се прегледаат најчестите предизвици со кои се соочуваат работодавачите во поглед на користењето боледување од страна на работниците.

Дополнително, ќе се дискутира и за отсуството поради бременост, раѓање и родителство, кои во дел, повторно, се на товар на работодавачот.

На работилница ќе се разгледаат и останатите основи за платено отсуство од работа, вклучително годишниот одмор и платениот одмор согласно Законот за работни односи и колективните договори.

Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат,предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
28.12.2022

# ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ГРАДЕЊЕ ОД АСПЕКТ НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Можностите за инвестирање во обновливи извори на енергија се од ден на ден се повеќе препознаени од инвеститорите. Во текот на годините се согледани од страна на креаторите на правите и законските рамки одредени потешкотии кои го отежнуваат процесот на изградба на електрана за производство на електрична енергија. Од тие причини се направени измени во Законот за градење и Правилникот за обновливи извори на енергија со цел да се олесни постапката на изградба.

На почетокот предавањето се фокусира на запознавање со нов концепт наречен производител – потрошувач (prosumer). Измените во националната регулатива придонесоа отстранување на главните пречки кои го оспоруваа зголемениот продор на вакви учесници на пазарот на енегија. Оваа можност е од особено значење за бизнисите кои се можеби први на удар во времиња на енергетска криза. Предавањето се стреми да ги презентира сите потребни чекори и постапки од проектирање до инсталација, кои треба да се превземат за изградба на фотонапонска електрана за производство на електрична енергија како и вклучување во концептот за производител – потрошувач.

Предавањето ќе продолжи кон запознавање на учесниците со последните измени во Законот за градење во постапката за изградба на фотонапонска електрана. Дополнително ќе биде даден детален преглед на релевантните постапки и барања што треба да се направат за изградба на една електроцентрала за производство на електрична енергија од обновливи извори, како и чекорите по изградба на електраната до успешно впуштање во употреба и производство на електрична енергија. Исто така, учесниците ќе бидат запознаени со релевантните институции за секоја одредена постапка.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088